**Проектна канцеларија:**
Министерство за труд
и социјална политика
ул. Даме Груев бр. 14, 1000 Скопје

| | |
|---|---|
| **Наслов на договор:** | **Поддршка за имплементација на Стратегијата за Ромите** |
| **Број на договор:** | **2010/258-484** |
| **Предмет:** | **Комуникациска стратегија за проектот Поддршка за имплементација на Стратегијата за Ромите** |
| | **Резиме** |

# Комуникациска стратегија
# нацртот е изработен во рамките на
# *проектот Поддршка за имплементација на Стратегијата за Ромите*

## Резиме

**Координација на Комуникациската стратегија**

Трите ентитети, Министерството за труд и социјална политика – Одделението за имплементација на Стратегијата и Декадата на Ромите; Кабинетот на Министерот без ресор Национален координатор на Стратегијата и Декадата на Ромите; и Националното координативно тело за имплементација на Стратегијата за Ромите ја имаат синтетизирачката улога за координација на имплементацијата на Комуникациската стратегија. Ова се постигнува по пат на обезбедување на информации, разбирање, подигање на јавната свест и интернализација на Стратегијата и Декадата на Ромите, по пат на олеснување на комуникацијата, и на внатрешно и на надворешно ниво.

**Врска со Декадата на Ромите и со Претседателството**

Комуникациската стратегија во ова општествено поле мора да биде кохерентна и да покаже функционална усогласеност помеѓу внатрешната и надворешната комуникација. Оваа Стратегија мора да биде во корелација со Стратегијата за Ромите, Декадата за вклучување на Ромите, а особено со Програмата за Претседателство со Декадата, за кои претставуваа и инструмент за имплементација како и начин за оценка на прием во јавноста.

Контекстот за имплементација на оваа комуникациска стратегија се однесува на Претседателството на земјата корисник со Декадата за вклучување на Ромите кое започна на 1 јули 2011 година и ќе трае до 30 јуни 2012 година. Земјата го презеде Претседателството од Чешка на 20. состанок на Меѓународниот управен комитет на Декадата којшто се одржа на крајот на јуни 2011 година во Прага. По завршувањето на едногодишниот мандат, Претседателството ќе ѝ биде предадено на Република Хрватска.

2011. и 2012. година се поволни периоди да се зајакне информираноста и свеста за ромските прашања, имајќи предвид дека Претседателството со Декадата за вклучување на Ромите се протега од 1 јули 2011 година до 30 јуни 2012 година. Затоа, времетраењето на оваа Комуникациска стратегија опфаќа период од две години од нејзиното донесување.

**Времетраење**

Предложениот временски опсег ќе биде искористен да се дисеминираат јасни и подробни информации за тоа што претставуваат Стратегијата за Ромите и Декадата за вклучување на Ромите, што се нивните мисии, како функционираат, кои се нивните

позитивни и конкретни резултати; исто така треба да се дисеминираат и други релевантни информации за поконкретни теми, како што се: промовирање на стандардите и користите од легализација (лични документи, субвенции, документи за правна сопственост, и сл.), новиот рамковен Закон за спречување и заштита од дискриминација од април 2010 година, промовирање на правата на жените Ромки и сл. Ваков вид на информации дисеминирани со вистинските алатки и прилагодени за различни јавности придонесуваат за зголемено разбирање на прашањата и практиките поврзани со Ромите како од професионалците така и од општата јавност, вклучувајќи ги и граѓанските здруженија и ромските заедници.

**Пристап**

Пристапот кон комуникацијата е проактивен, а не реактивен. Ова значи дека трите ентитети надлежни за координирање на имплементацијата на Стратегијата за Ромите и Декадата за вклучување на Ромите не треба само да одговараат на различните прашања поставени од страна на медиуми, граѓанското општество и другата јавност, туку превземаат проактивни мерки по пат на дисеминирање на точни, усогласени и кохерентни информации. Ова значи создавање на информации кои содржат конкретни податоци и позитивни примери кои треба да се мултиплицираат за доброто на ромската заедница. Понатаму, комуникациските активности треба да вклучат доста разнообразен спектар на комуникациски канали и засегнати страни, вклучувајќи ги, се разбира, и ромските претставници. Повеќе фокус се става на градењето на комуникациските капацитети на Ромските информативни центри и нивното промовирање во општата јавност. Исто така составен дел на комуникацискиот пристап на оваа стратегија е широката и засилена промоција на позитивните примери.

**Координативен тим за комуникација - предлог**

Воспоставен е Координативен тим за комуникација (КТК) и дисеминација на информации кои се однесуваат на Стратегијата за Ромите и Декадата за вклучување на Ромите. КТК се состои од 4 лица задолжени главно со организациски задачи за прибирање и дисеминација на конкретни податоци за постигнувањата на Стратегијата за Ромите и Декадата за вклучување на Ромите. КТК соработува со претставниците на Националното координативно тело и со Одделението за ПР при Министерството за труд и социјална политика, со цел да се осигура прецизна и целосна дисеминација на информации. КТК исто така одржува врски со ПР одделенијата на другите ресорни министерства. Оперативниот план на оваа Комуникациска стратегија овозможува одржливост на комуникациските активности поврзани со ромските прашања така што ги почитува целите, проекциите и протоколите на МТСП, како и комуникациските протоколи на други министерства, со активно вклучување во имплементирањето на Стратегијата за Ромите и Декадата на Ромите. Освен тоа, КТК е вклучено во сите комуникациски работи и работи на такон начин што овозможува да ги наследи

комуникациските знаења и вештини, со цел да ги жнее придобивките и после завршувањето на Претседателството со Декадата.

**Работна поставеност на КТК:**




**Главни одговорности на КТК:**

- Одржување на контакт и споделување на информации помеѓу членовите на НКТ
- Споделување на информации со Ромските информативни центри
- Организирање на проток на информации помеѓу актерите вклучени во имплементацијата на Декадата на Ромите и Стратегијата за Ромите
- Изготвување на нацрт на информативните и комуникациските материјали
- Дисеминирање на информации до професионалци и до општата јавност